## ПОСТАПКА ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАК НА ЛИЦЕ СО ПРИЗНАЕНО ПРАВО НА АЗИЛ

Во постапката за склучување на брак на лице со признаено право на азил заради супсидијарна заштита или признаен бегалец, како потребни документи кои ги бара Управата за матична евиденција при Министерството за правда на Р. Македонија се документите од земјата на потекло – Извод од матична книга на родени и Уверение за слободна брачна состојба.

Прашањето кое се поставува е зошто овие документи се барани од страна на овој орган и покрај тоа што се знае дека овие лица се со признаено право на азил во Република Македонија, а со тоа тие се под меѓународна заштита и не можат да остварат контакт со нивната земја на потекло. Издавањето на сите лични и статусни документи во Македонија се во надлежност на Секторот за азил при МВР на РМ.

## ПРЕПОРАКА:

Издавањето на сите лични и статусни документи треба да биде во надлежност на Секторот за азил при МВР на РМ. Сите други извршни органи во Република Македонија треба да ги прифатат овие документи како веродостојни.